СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

Програма 2025-2029

# ОПШТИНА ГОСТИВАР

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СОВЕТНИЧКА
ЛИСТА

5

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Гостивар

1. Бојан Зафироски, р. 1986, магистер по право, СДСМ
2. Драгана Ѓорѓиевска, р. 1990, бБиохемичар, СДСМ
3. Данијела Бецекоска, р. 1984, дипл. проф. по македонски јазик и литература, СДСМ
4. Срѓан Змејкоски , р. 1997,  доктор на медицина, СДСМ
5. Даниел Дукоски, р.  2003, студент на ФИНКИ, СДСМ
6. Надица Јанкоска, р. 1977, дипломиран економист, СДСМ
7. Ивана Милошевска, р. 1990, дипломиран економист, СДСМ
8. Дениз Рамадани , р. 1990, политички науки, СДСМ
9. Викторија Филипоска, р. 1999, дипломиран економист , СДСМ
10. Роберт Димитриевски, р. 1991, дипломиран економист , СДСМ
11. Славица Апостолоска, р. 1987, економски техничар, СДСМ
12. Угрин Шарески, р. 1964, земјоделски техничар, СДСМ
13. Марјана Андоноска, р. 1980, економски техничар, СДСМ
14. Влатко Гиноски, р.  1985, машински техничар, СДСМ
15. Гордана Маркоска, р. 1979, медицинска сестра - акушерка, СДСМ
16. Александар Крстески, р. 1988, економски техничар, СДСМ
17. Љубица Алексоска, р.  1998 , дипл. машински инженер, СДСМ
18. Андреј Јосифоски, р. 1994, економски техничар, СДСМ
19. Сашо Софрониевски, р. 1991, детектив и безбедност, СДСМ
20. Валентина Николоска, р. 1982, дипл. проф. по македонски јазик и литература, СДСМ
21. Предраг Димоски, р. 1998, техничар за пејзажна архитектура, СДСМ
22. Паскал Анѓелкоски, р.  1990, дипл. машински инженер, СДСМ
23. Заре Анастасиески, р. 1976, електротехничар – енергетичар, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- ЈЗУ Општа болница „Ферид Мурад“: Реконструкција и модернизација на Интерното, Гинеколошкото и Хируршкото одделение, со набавка на нова медицинска опрема за подобра грижа на пациентите.
- Гасификација на Гостивар: Изградба на гасоводна линија за снабдување со природен гас, со поддршка од централната власт за време на владеењето на СДСМ.
- Водоводна инфраструктура: Изградба на нова водоводна мрежа и нова линија од Форино до Чегране за безбедно и квалитетно снабдување со вода.
- Образование: Изградба на нови објекти за деца и реконструкција на спортски сали, со зголемени капацитети на градинките за повеќе деца да добијат квалитетна воспитно-образовна грижа.
- Патна инфраструктура: Реконструкција на регионални и локални патишта и уредување на сообраќајната мрежа за поголема безбедност и функционалност.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

Граѓаните на Гостивар слушаа ветувања полни со надеж од советниците на ВМРО-ДПМНЕ, но реалноста остана сурова. Иако тие се секогаш на власт на локално ниво, модернизацијата на улиците сè уште не се случи, а секојдневно се соочуваме со сообраќаен хаос, дупки и расипани тротоари коишто ја поткопуваат безбедноста на пешаците. Ветените проекти за водовод и канализација останаа нереализирани, а многумина сè уште трпат прекини на вода и проблеми со канализацијата. Во образованието и културата имаше ветувања за инвестиции, но во училиштата сè уште недостасуваат современи ресурси, а културниот живот е во застој. Младите беа оставени без можности за спорт, културни и едукативни активности, чувствувајќи се занемарено и исклучено. Во здравството, пациентите се соочуваат со недостиг на опрема и долги чекања. Дури и во секојдневниот живот, проблемите се видливи: кучиња скитници шетаат низ градот создавајќи чувство на занемареност. Ветувањата создадоа надеж, но дела нема, а разочараноста на граѓаните е очигледна.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Модерен затворен пазар

Нашиот градски пазар моментално е неуреден, со застарена инфраструктура, лоши санитарни услови и создава сообраќаен хаос секој вторник. Посетителите и продавачите се соочуваат со непријатности, а локалните земјоделци и занаетчии немаат достоинствен простор за своите производи.

Проектот предвидува изградба на модерен пазар со:

- Современа инфраструктура: асфалтирани патеки, обележени паркинг-места, покриени тезги и соодветна сигнализација за лесно движење на возила и пешаци.
- Санитарни услови: чисти тоалети, простор за миење на производите, систем за собирање отпад и одржување хигиена.
- Простор за локални производители: организирани и безбедни тезги за земјоделци, занаетчии и мали претприемачи, со можност за изложба и продажба на домашни производи.
- Сообраќајно решение: нови пристапни патеки и паркинзи што ќе го намалат метежот и хаосот, особено во деновите на поголема фреквенција како што е вторник.
- Социјален и културен простор: дел од пазарот ќе биде уреден за мали културни настани, промоција на локални производи и средби на граѓаните.

**Влијание на проектот:**
Овој проект не само што ќе ја подобри функционалноста и хигиената на пазарот туку и ќе создаде пријатно и безбедно место за купување и продажба, ќе ги поттикне локалните производители и ќе придонесе за ред и редовен сообраќај во централното градско подрачје.

**Целна група:**
Сите жители

**Рок на реализација**
2026 година

**Буџет**
1.200.000 €



## Зелен парк и пешачко-велосипедска мрежа

Проектот предвидува изградба на нови паркови и пешачко-велосипедски патеки низ Гостивар, со модерни урбани градини. Паркот ќе биде опремен со екоосветлување и систем за собирање дождовница за наводнување. Граѓаните ќе имаат простор за рекреација, спорт и релаксација. Урбаните градини ќе овозможат одржливо производство на зеленило и поттикнување заеднички активности. Пешачко-велосипедските рути ќе ги поврзат клучните делови на градот, овозможувајќи безбедно и практично движење. Проектот го промовира здравиот живот и екологија, како и поврзување на различните делови на градот. Локалната самоуправа ќе ги поддржува иницијативите за одржлив транспорт и еколошки решенија.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на квалитетот на животот и здрави навики кај граѓаните. Намалување на сообраќајниот хаос и загадувањето.

**Целна група:**
Млади, семејства, спортисти

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
900.000 €

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Електрични автобуси за јавен превоз

Набавка на електрични автобуси и полначки станици за модерен и еколошки јавен транспорт.

Проектот за набавка на електрични автобуси во Гостивар не е само за модернизација на возниот парк, туку и за воведување редовни градски автобуски линии, што целосно ќе го промени начинот на функционирање на градот.

Со воведувањето редовни линии:

- Граѓаните ќе имаат сигурен превоз до работа, училишта и јавни услуги, без зависност од приватни возила.
- Се намалува сообраќајниот хаос, бидејќи помалку луѓе ќе користат лични автомобили.
- Подобрување на животната средина, преку електрични автобуси кои немаат емисии на штетни гасови.
- Поддршка за локалната економија: лесен пристап до пазарите, бизнисите и урбаните центри.
- Инклузивност и мобилност за сите, особено за лица без автомобил, постари граѓани и ученици.





Овој проект значи дека јавниот превоз во Гостивар ќе стане практичен, редовен и еколошки прифатлив, а градот ќе почне да функционира поуредено и посовремено.

**Влијание на проектот:**
Намалување на загадувањето и модерен јавен транспорт.

**Целна група:**
Сите жители

**Рок на реализација**
2027 година

**Буџет**
2.000.000 €

# ПРОЕКТИ

## Рекултивација на јавни простори

1. Јавни паркови и зелени површини

- Рекултивација на запуштени локации во централното и периферното градско подрачје.
- Садење дрвореди, тревници и ниско зеленило за создавање сенка и свежина.
- Мали спортски терени, детски игралишта и места за рекреација за сите возрасти.
- Урбани градини и заеднички простори за екообразовни активности.

2. Училишни дворови

- Големите и запустени дворови да се поделат на функционални зони: спорт, рекреација, зеленило и одмор.
- Поставување модерни терени за фудбал, кошарка, одбојка, миниигри и фитнес на отворено.
- Урбани градини и екоработилници за учење за растенија, екологија и одржлив животен стил.
- Игрални и социјални зони за помалите ученици со клупи и сенки.
- Безбедна инфраструктура: патеки, огради, соларно осветлување и зелени огради за намалување на бучавата.

**Влијание на проектот:**
Трансформација на запуштени, недоволно искористени или преголеми простори во градот во функционални, зелени, безбедни и пријатни места за сите граѓани, со акцент на еколошки и образовни решенија.

**Целна група:**
Сите жители

**Рок на реализација**
2026 година

**Буџет**
250.000 €





## Дигитализација на општинските услуги

Процедура и решенија

- Онлајн платформа за општински услуги.
- Поднесување барања за документи (уверенија, дозволи).
- Плаќање комунални услуги и поднесување барања за јавни услуги.
- Пријавување на инфраструктурни проблеми: оштетени патишта, поплавени канали, запуштени јавни простори.
- Мобилна апликација за граѓаните
- Достапна од телефон или таблет, со интуитивен интерфејс.
- Следење на статусот на барањата во реално време.
- Електронски шалтери во Општината.
- За граѓаните што немаат интернет-пристап.
- Барањата се обработуваат дигитално, со автоматска архива на документи.
- Обука на општинските службеници за користење на новите дигитални алатки.
- Информативни работилници за граѓаните за користење на платформата и мобилната апликација.

**Влијание на проектот:**

Ефикасност: Скратување на времето за издавање документи и обработка на барања.

Транспарентност: Граѓаните можат да ги следат статусите на своите барања.

Достапност: Услугите се достапни без физичка посета на шалтери.

Поддршка за паметен град: Собирање податоци за инфраструктурни проблеми и планирање на урбаниот развој.

Намалување на бирократија и човечки грешки: Дигитално архивирање и автоматизација на процесите.

Модернизација на Општината: Подготовка за иднина со брзи, сигурни и модерни услуги за граѓаните.

**Целна група:**

Граѓани и администрација

**Рок на реализација** 2027 година
**Буџет** 150.000 €

# ПРОЕКТИ

## Бесплатен Wi-Fi на јавни простори

Нашата визија е Гостивар да стане модерен и дигитално поврзан град. Проектот предвидува поставување бесплатни Wi-Fi зони во клучните јавни простори, како што се централниот плоштад, парковите, урбаните пешачки зони, автобуските станици и јавните институции.

Ова ќе им овозможи на граѓаните и на посетителите лесен пристап до интернет, ќе ја поддржи локалната економија, бизнисите и стартапите, а учениците и студентите ќе имаат подобри можности за учење и истражување. Дополнително, дигиталната поврзаност ќе ја зајакне комуникацијата со локалната власт, ќе овозможи интерактивни услуги и ќе го зголеми квалитетот на јавниот живот.

**Влијание на проектот:**

- Бесплатен интернет за сите граѓани и туристи;
- Поддршка за дигитални услуги и иновации;
- Подобрување на образовните и работните можности;
- Промоција на локалната култура и туризмот преку дигитални платформи;
- Зголемена безбедност преку дигитални апликации и информираност во реално време.

**Целна група:**

Граѓаните на Гостивар

**Рок на реализација**

2026 година

**Буџет**

Инсталација и конфигурација: околу 10.000 – 15.000 евра.

Годишно одржување и техничка поддршка: околу 5.000 – 8.000 евра.





# Поддршка на мали и стартап-бизниси за млади и за жени

Проектот има цел да ја стимулира претприемачката активност кај младите и кај жените во Гостивар, обезбедувајќи финансиска, техничка и менторска поддршка за развој на нови бизниси и зајакнување на постојните мали претпријатија.

Главните активности вклучуваат:

- Финансиска поддршка: Грантови и субвенции за почетни трошоци и набавка на опрема.
- Обуки и менторство: Работилници за бизнис-планирање, дигитален маркетинг, финансиско управување и иновации.
- Координација со локални институции: Поддршка во регистрација на бизнис, добивање лиценци и користење јавни простори за активности.
- Промоција и мрежа: Создавање платформа за поврзување на млади претприемачи, презентации и изложби на локално ниво.

**Влијание на проектот:**

- Поттикнување на економската активност меѓу младите и жените.
- Намалување на невработеноста и економската зависност.
- Промоција на иновативни и одржливи бизнис-идеи.
- Јакнење на локалната економија и создавање нови работни места.

**Целна група:**

Млади и жени

**Рок на реализација**

2028 година

**Буџет**

200.000 €

# ПРОЕКТИ

## Засолниште за бездомни животни

- Изградба на современо засолниште.
- Салонски простории за сместување кучиња и мачки, со оддели според големината и здравствената состојба.
- Внатрешни и надворешни оградени простори за движење и игра на животните.
- Простории за ветеринарна грижа, изолација и стерилизација.
- Здравствена грижа
- Редовни ветеринарни прегледи, вакцинации и стерилизации.
- Програми за третман и рехабилитација на болни или повредени животни.
- Храна и хигиена
- Обезбедување редовна и соодветна исхрана за животните.
- Одржување на чистотата и безбедни хигиенски услови во сите простории.
- Прифаќање и вдомување
- Програма за вдомување миленици од засолништето од страна на семејства и поединци.
- Едукација на граѓаните за одговорно сопственииштво на животни и потребата од стерилизација.
- Социјални и едукативни активности
- Организирање волонтерски акции за нега и прошетки на животните.
- Едукативни работилници во училишта и локални заедници за хуман однос кон животните.

**Влијание на проектот:**

- Намалување на бројот на бездомни кучиња и мачки на улиците во Гостивар.
- Подобрување на јавната хигиена и намалување на ризикот од заразни болести.
- Промоција на одговорно сопственииштво и хуман третман на животните.
- Поттикнување на локалната заедница преку волонтерски активности и едукација.
- Создавање современ центар што ќе служи како модел за другите општини.

**Целна група:**

Сите жители

**Рок на реализација**

2027 година

**Буџет**

180.000 €

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## Циглана

1. Асфалтирање и реконструкција на главните улици
2. Поставување ново улично осветлување
3. Изградба на ново детско игралиште
4. Замена и подобрување на водоводната мрежа
5. Засадување дрвореди и уредување јавни простори

## Дутлок

1. Поставување „лежечки полицајци“ и сигнализација
2. Изградба на спортско игралиште
3. Хортикултурно уредување и паркинг-простори
4. Реконструкција на канализациската мрежа
5. Нови контејнери за селекција на отпад

## Млаки

1. Уредување и асфалтирање на приодните патишта
2. Подобрување на уличното осветлување
3. Изградба на минипарк со клупи и зелени површини
4. Изградба на потпорен ѕид на критични делови
5. Јавни чешми и санација на водоводната мрежа

## Малеарди

1. Изградба на пешачки патеки и велосипедска линија
2. Ново мултифункционално игралиште
3. Поставување систем за видеонадзор
4. Уредување на зелените површини
5. Организирање месечни екоакции со локалните жители

## Бањешница

1. Асфалтирање и реконструкција на главната улица
2. Изградба на нова канализациска мрежа
3. Поставување „лежечки полицајци“
4. Поставување канти за отпадоци на главната улица

## Кеј Вардар

1. Уредување на коритото на р. Вардар
2. Уредување на кејот на р. Вардар од пешачки железен мост (маркет Монтенегро) до Железнички мост

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА